DIHK | CEFTA Central European Free Trade Agreement | СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA | BMZ Federal Ministry for Economic Cooperation and Development | sequa

Регионална конференција

# „ПРОГРЕСИВНО И ЕФИКАСНО ОТВОРАЊЕ НА ПАЗАРОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ЗЕМЈИТЕ-ПОТПИСНИЧКИ НА ЦЕФТА-ДОГОВОРОТ“



Regional conference

# PROGRESSIVE AND EFFECTIVE OPENING OF THE CEFTA PUBLIC PROCUREMENT MARKET

17 февруари, 2015 година, Скопје
Република Македонија

17 February 2015, Skopje
Republic of Macedonia

# СОДРЖИНА

Бранко Азески, претседател
на Стопанската комора на Македонија
**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО СИТЕ ФАЗИ** 3

Н.Е. Д-р Кристине Алтхаузер, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија
**СТРЕМЕЖ КОН ОДРЖЛИВОСТ, ЕКОЛОГИЈА И ИНОВАЦИИ** 5

Александар Аргировски,
в.д. Директор на Бирото за јавни набавки
**СИСТЕМОТ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 9

Јаромир Левичек, раководител на Секторот за економски прашања, Делегација на Европската унија во Република Македонија
**ЕУ-ДИРЕКТИВИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ** 10

Јуан Педро Јименез Наваро, претседател на Советот на странски инвеститори
**ИСКУСТВАТА НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 11

Александар Аргировски,
в.д. Директор на Бирото за јавни набавки
**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕДНАКОВ ТРЕТМАН И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ** 13

Д-р Славица Јоковиќ
Стопанска комора на Србија
**ЕДНАКВОСТ НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ** 14

Нина Дракиќ, Стопанска комора на Црна Гора
**ЕФЕКТИВНА ПРАВНА ЗАШТИТА ВО ПРОЦЕСОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ** 16

Прамвера Доми
Трговско индустриска комора на Тирана
**ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА** 18

Ирена Шумкоски, советник во Државната комисија за жалби по јавни набавки
**ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ВО ЖАЛБЕНАТА ПОСТАПКА** 19

Сабина Факиќ, Центар за граѓански комуникации
**КОН ЕФИКАСНИ МЕХАНИЗМИ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ** 21

**Издавач:**
Стопанска комора
на Македонија
ул. Димитрие Чуповски бр. 13
1000 Скопје

**Преведувач:**
Елена Волкановска

**Дизајн и графичко уредување:**
Стево Серафимов

**Главен и одговорен уредник:**
Саво Пејчиновски

**Е-адреса** ic@mchamber.mk
**Web** www.mchamber.mk

**Лектор:**
Станка Дамјановска

**Печати** ЕВРОПА 92 АД
Кочани

# CONTENT

Mr. Branko Azeski, President of the
Economic Chamber of Macedonia
**INCREASING TRANSPARENCY IN ALL STAGES** 3

H.E. Dr. Christine D. Althauser, Ambassador of the Federal Republic of Germany in the Republic of Macedonia
**STRIVING TOWARDS SUSTAINABILITY, ENVIRONMENTAL PROTECTION AND INNOVATION** 5

Aleksandar Argirovski, acting Director
of the Public Procurement Bureau
**THE PUBLIC PROCUREMENT SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA** 9

Jaromir Levicek, Head of the Economic Affairs sector, Delegation of the EU to the Republic of Macedonia
**EU-DIRECTIVES ON PUBLIC PROCUREMENTS** 10

Mr. Juan Pedro Jimenez Navarro
President of the Foreign Investors Council
**THE EXPERIENCE OF FOREIGN INVESTORS IN PUBLIC PROCUREMENT PROCEDURES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA** 11

Aleksandar Argirovski, acting Director
of the Public Procurement Bureau
**ENSURING EQUAL TREATMENT AND NON-DISCRIMINATION OF ECONOMIC OPERATORS** 13

Slavica Joković, Ph.D.
Chamber of Commerce and Industry of Serbia
**EQUAL TREATMENT OF ALL BIDDERS** 14

Nina Drakić, Chamber of Economy if Montenegro
**EFFECTIVE LEGAL PROTECTION IN PUBLIC PROCUREMENT** 16

Pramvera Domi
Chamber of Commerce and Industry of Tirana
**CONSTANT IMPROVEMENT OF LEGAL REGULATIONS** 18

Irena Shumkoski, advisor in the State Commission for Public Procurements Appeals
**PROTECTING THE RIGHTS OF ECONOMIC OPERATORS IN AN APPEALS PROCEDURES** 19

Ms. Sabina Fakic, Centre for Civil Communications
**TOWARDS EFFICIENT MECHANISMS FOR PUBLIC PROCUREMENTS IN THE REGION** 21

**Publisher:**
Economic Chamber
of Macedonia
Dimitrie Cupovski 13 Str.
1000 Skopje

**Translator:**
Elena Volkanovska

**Design & Graphics:**
Stevo Serafimov

**Chief & Editor:**
Savo Pejcinovski

**E-mail** ic@mchamber.mk
**Web** www.mchamber.mk

**Prints** EVROPA 92 Ltd
Kocani

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО СИТЕ ФАЗИ

Имајќи го предвид фактот дека една од основните цели на ЦЕФТА-Договорот е да промовира регионална трговска соработка и креирање на недискриминаторски и транспарентни политики кои треба да го стимулираат непреченият проток на стоки, услуги, инвестиции и луѓе, стопанските комори од земјите-потписнички на ЦЕФТА-Договорот, со организирањето на оваа конференција сакаат да дадат свој придонес во согледувањето на практичната примена на можностите за еднакво и рамноправно учество на пазарот на јавни набавки во сите земји во овој регион со зголемена конкуренција на економските оператори.

Во таа смисла, посебно ја потенцираме поддршката што Унијата на германски комори ја даде во реализацијата на оваа конференција.

Според Стопанската комора на Македонија, системот на јавните набавки во Македонија се карактеризира со:

- чести измени и дополнувања на Законот за јавни набавки и неговите подзаконски акти, кои влијаат врз квалитетот и стабилноста на законските решенија и создаваат проблеми во неговата практична имплементација, а се должат и на фактот



# INCREASING TRANSPARENCY IN ALL STAGES

One of the main goals of the CEFTA is to promote cooperation in the area of regional trade and to generate non-discriminatory, transparent policies that stimulate the free flow of goods, services, investments and people. Bearing this in mind, the chambers of commerce of CEFTA parties organized this conference and in this way, they show that they recognize the practical use of the opportunities for equal participation in the public procurement markets of all countries from this Region and the increased competition that the participation will create among economic operators.

In the light of this, we would like to emphasize the importance of the support we received from the Association of German Chambers of Commerce and Industry to organize this conference.

Regarding the public procurement system in Macedonia, the Economic Chamber of Macedonia has the following views:

- The frequent modifications and supplements to the Law on Public Procurement and its bylaws influence the quality and stability of legal regulations and generate problems in the Law's practical use, which partly occur due to the fact

што во постапката на донесување на прописите не секогаш е вклучена бизнис-заедницата. Тоа го нотира и Извештајот на ЕУ за напредокот на Република Македонија во 2014 година;

- формално правно, Законот за јавни набавки овозможува лојална конкуренција и ја исклучува дискриминацијата во постапките на јавните набавки. Но, во реалноста, бизнис-заедницата укажува на други состојби кои укажуваат на нарушен интегритет на системот на јавните набавки, намален капацитет на регулаторните и контролните органи и намалената доверба во нивната улога да обезбедат правна сигурност на сите субјекти кои учествуваат во јавните набавки;

- Комората посебно укажува на потребата и очекува од креаторите на економската политика да покренат постапка за промена на постојното законско решение со кое при избор на најповолна понуда решавачки критериум да биде најниската цена, а се запоставува квалитетот, како и да се сменат законските одредби со кои се воспоставија многубројни административни и бирократски постапки на Советот за јавни набавки;

- Стопанската комора на Македонија оценува дека во наредниот период од страна на сите субјекти треба да се работи на зголемување на транспарентноста во јавните набавки и тоа од планирањето на јавните постапки, спроведувањето на постапките на јавни набавки, избор на најповолен понудувач, извршување на јавната набавка по фази и евалуација на целиот процес.

Во интерес на бизнис-заедницата е да се споделуваат информации и искуства за реализацијата на јавните набавки во регионот, но и во земјите-членки на Европската унија.

Бранко Азески
претседател на Стопанската
комора на Македонија

that the business community is not always included in the drafting and adoption of regulations. This was also mentioned in the EU Progress Report for the Republic of Macedonia of 2014.

- De jure, the Law on Public Procurement ensures fair competition and bans discrimination from public procurement procedures. However, the business community says that de facto the situation is different: the public procurement system's integrity has been damaged, and the regulatory and control bodies' capacity has dropped, leading to a generally low level of trust in the public bodies' ability to ensure legal security to all entities taking part in public procurement.

- There is a dire need to introduce amendments to the existing legal regulations, especially regarding the provision stipulating that when selecting the most favorable bid, the lowest price is considered a key criterion at the expense of quality. The ECM expects the creators of the economic policies to act in this direction. The ECM also expects changes in the legal provisions that generated a series of administrative and bureaucratic procedures in the Public Procurement Council;

- All entities must make effort to boost the transparency of the public procurement process, starting from the planning of public procurement, the implementation of the public procurement procedure, the selection of the most favorable bidder, the execution of the public procurement in stages and the final evaluation of the process.

It is in the best interest of the business community to share information and experience about the realization of public procurement with the countries from this region and with the EU member states.

Mr. Branko Azeski
President of the
Economic Chamber of Macedonia

# СТРЕМЕЖ КОН ОДРЖЛИВОСТ, ЕКОЛОГИЈА И ИНОВАЦИИ

Германската амбасада е горда на долгорочната соработка помеѓу DIHK и Стопанската комора на Македонија, која датира уште од 2001 година, во тоа време наречена Асоцијација на бизнис комори.

Германското министерство за економска соработка и развој одлучи да го поддржи овој проект во две фази до 2016 г. Јас верувам дека ова е мошне важна и одржлива одлука, бидејќи соработката меѓу најголемата бизнис асоцијација во ЕУ-Германската индустриско трговска комора, и стопанските комори на ЦЕФТА државите е со взаемни придобивки. Овде не би сакала да ги набројувам сите подрачја во кои се одвива овој проект, но очигледно е дека партнерите, DIHK и сите стопански комори во регионот работат на една мошне амбициозна агенда. Сигурна сум дека господин Бауман ќе зборува за некои од тековните, како и за планираните активности.

Би сакала накратко да го задржам Вашето внимание на неколку аспекти на јавните набавки, од германска гледна точка:

Според последните проценки, волуменот на јавните набавки во Германија е околу 360 милијарди евра, а во сите земји членки на Европската Унија околу 1500 милијарди евра годишно. Бројката за Германија го опфаќа волуменот на годишните набавки на сите јавни институции. 50% од сите јавни набавки се реализирани на локално ниво. Вкупниот износ од 360 милијарди евра претставува 13% од германскиот БДП. Овие бројки покажуваат дека јавните набавки играат многу важна улога при постигнување на



# STRIVING TOWARDS SUSTAINABILITY, ENVIRONMENTAL PROTECTION AND INNOVATION

I would like to thank you for your kind invitation to address you at the opening of this conference.

The German embassy is proud of the long-standing cooperation between the DIHK and the Chamber of Commerce of Macedonia, dating back to 2001, at the time titled the ABC – Association of Business Chambers – Network.

The German Ministry for Economic Cooperation and Development –BMZ- has decided to support this project in 2 Phases until 2016. I believe that this is a very important and sustainable decision since the cooperation of the biggest Business Association inside the EU –DIHK- with the Business Associations and Chambers of Commerce of the CEFTA states is mutually beneficial. I do not want to list all the areas in which the project is active, but it is obvious that the partners –DIHK and all Chambers of Commerce of the region- pursue a quite ambitious agenda. I am sure Mr. Baumann will touch upon some of the activities, active as well as planned, in a moment.

I would like to shortly draw your attention to some aspects of public procurement from Germany's point of view:

According to latest estimates the volume of public procurement in Germany is about 360 billion Euro, in all of the EU member states together it is about 1.500 billion Euro annually. The number for Germany combines the annual procurement volumes of all public institutions. 50% of all public procurement is realized at the local level.

неколку цели. Германија преку јавните набавки се стреми кон следните цели: одржливост, екологија и иновации.

Одржливост во набавките значи напор да се набавуваат добра и услуги на начин кој соодветствува на агендата 2020 и Милениумските цели во развојот. Така што постигнување на таргетите како:

- 20% намалување на стакленичките гасови
- Зголемување на обновливите извори на енергија за 20%
- Зголемување на енергетската ефикасност за 20%,

исто така се однесува на набавките.

Еколошките набавки подразбираат:

- Набавка на добра и услуги кои ја исполнуваат истата функција што се бара од нив како и алтернативите, а нудат еколошки придобивки во нивното производство и употреба
- Рационално искористување на енергијата, водата и ресурсите
- Помош во намалување на отпадот и набавка на производи кои можат да бидат депонирани на начин неоптоварувачки за животната средина.

Германија на овој начин ги исполнува барањата на конференцијата за животна средина на ОН во Рио де Жанеиро во 1992 год. и Јоханесбург во 2002 год.

Волуменот од 360 милијарди евра нуди одлични можности за стимулација на иновациите. Иновацијата не само што опфаќа набавки на поодржливи и поеколошки добра и услуги, туку нуди и можности за поттикнување на истражувања и развој во приватниот сектор. Едно многу значајно поле на иновации во Германија во моментов е полето на енергетската ефикасност. Па така, набавката на иновативни производи не само што ја движи економијата, туку ѝ помага на јавната администрација во штедење на ограничените јавни фондови преку намалување на сметките за потрошена енергија.

Со ова доаѓам до една мошне важна точка, особено за една високотехнолошка држава како Германија: убедена сум дека принципите кои ги опишав се оние вистинските. Во однос на цените кои се постигнуваат во такви процеси на набавки, сигурно е дека не секогаш најевтината, најниската

The total amounts of 360 billion Euro represents 13% of Germany's GDP.

The sheer numbers show that public procurement plays an important role in achieving several objectives. In Germany, the following objectives are pursued through procurement:

Sustainability, Ecology and Innovations

Sustainability in procurement describes efforts to procure goods and services in a way which fits with the Agenda 2020 and the Millennium Development Goals. So reaching the targets of

- 20% reduction in Green House Gases,
- raising the percentage of Renewables to 20% and
- increasing the energy efficiency by 20%

also applies to procurement projects.

Ecologic procurement means

- procuring goods and services which while fulfilling the same purpose as other alternatives offer ecologic benefits in their production and usage,
- make rational use of energy, water and resources, and
- help in reducing waste and procure products which can be disposed of in an environmentally friendly way.

Germany in this way applies the requests of the UN environment conferences of Rio de Janeiro in 1992 and Johannesburg in 2002.

The volume of 360 billion euro offers great opportunities to stimulate innovation. Such innovation does not only encompass the procurement of more sustainable and environmentally friendly goods and services, but also offers opportunities to trigger research and development in the private sector. One very important field of innovation in Germany at the moment is the field of energy efficiency. So procuring innovative products not only drives the economy but also helps the public administration in saving scarce public funds through lower energy bills.

This brings me to a very important point, especially for a high-tech country like Germany: I am convinced that the principles which I have just described

цена ќе победи на тендерот. Но многу истражувања и студии покажале дека споменатите принципи, доколку се применат на кохерентен начин, постигнуваат резултати во заштеда на трошоците во текот на животниот циклус на набавените производи или услуги во споредба со нивните алтернативи. Нема да одам толку далеку и да барам од Вас да купите „германско", но верувам дека во секоја земја, па и овде, принципот „добиена вредност за потрошените пари" е многу важен принцип, имајќи ги во предвид вкупните трошоци во текот на целиот животен век на производот.

За јавните набавки во Македонија и често користениот систем на електронски аукции, сеуште е рано да се извлекуваат некакви заклучоци. Како и да е, светските емпириски податоци покажуваат дека одбирање на стоки и услуги само врз основа на најниска цена, не соодветствува на принципот „добиена вредност за потрошените пари". Јас лично понекогаш имам една особина во моите гени, која ние во Германија ја нарекуваме „Швапска домаќинка", типичен германски симбол за внимателно и економично однесување. Но ова не смее да се замени со „купување евтино". Германската поговорка „Ако купуваш евтино, ќе купиш двапати" значи точно она што на англиски се нарекува „value for money".

Купувањето производи со добар квалитет нуди придобивки кои евтиниот производ ретко може да ги понуди: долг животен век, расположливост на резервни делови и сервис, гаранција и супериорна употреба.

Сега можеби доаѓате до заклучок дека опишаните карактеристики се оние кои обично асоцираат на германски производи и услуги. Па, не е никаква новост ако Ви кажам дека германската индустрија и економија својата репутација ја изгради врз таа основа. А бидејќи германската економија е многу успешна, мора да има некоја вистина и вредност во примената на една таква стратегија.

Но секако, и ние во Германија можеме да бидеме подобри: во последно време некои проекти за јавни набавки се претворија во ноќна мора: аеродроми, железнички станици, опери, воена опрема, улици и енергетски мрежи беа долго време пролонгирани, достигнаа многу повисока цена, а квалитет понизок од очекуваниот. Различни прашања со сите овие проекти резултираа во значително повисоки трошоци од буџетираните, за кои германските граѓани,

are the right ones. Regarding prices which are achieved in such procurement processes it is for sure that not always the cheapest, i.e. lowest price, will win a tender. But many research studies have shown that the mentioned principles, when applied in a coherent manner, have resulted in cost savings over the life cycle of the procured good or service compared to other alternatives. So I would not go as far as other countries and ask you to "Buy German", but I believe that in every country, also here, the principle of "value for money", regarded as the total costs of a good or service over its entire life cycle, is a very important one.

Regarding public procurements in Macedonia and the frequently applied system of reverse online auctions it is still too fresh to draw conclusions. However, worldwide empirical data shows that choosing goods and services only on the basis of the lowest price does not fit with the principle of value for money over the life cycle. I personally sometimes have a certain trait in my genes which in Germany we call "Die schwäbische Hausfrau", the Swabian housewife, a typical German symbol of prudent and economic behaviour. But this should not be confused with "buying cheap". The German proverb "if you buy cheap, you buy twice" means exactly what in English language is called "value for money":

Buying good quality offers you benefits which a cheap product rarely can offer:

A long life cycle, availability of spare parts and service, warranty and a superior handling.

Now you might come to the conclusion that the described characteristics are those which are usually associated with German products and services. Well, it is no news when I tell you that the German industry and economy have built their reputation on this. And since the German economy is quite successful there must be some truth and value in applying such a strategy.

But of course also we in Germany can do better: Public procurement projects lately have sometimes developed into real nightmares: Airports, train stations, operas, military equipment, roads and energy grids have been long-overdue, have come at severely increased prices and lower than expected quality. Different issues with all of these projects have resulted in significantly higher costs

плаќачите на данок, мораа да ги платат сметките.

Не сакам да го завршам овој говор без да проговорам за уште едно прашање: штотуку реков дека репутацијата на германските компании е добра и силна. Нешто мошне значајно бара многу грижа и внимание, нешто со што мора да се соочуваме секојдневно . Неколкуте последни корупциски скандали кои вклучуваат германски компании, претежно кога стопанисуваат надвор од Германија, имаат нанесено сериозна штета не само на компаниите кои се инволвирани во скандалите, туку и на пошироката германска економија, како и на целокупната репутација како држава, која води политика на нула-толеранција на корупција и строго ја зајакнува антикорупската законска регулатива. Иако со овие случаи се справија компетентните власти на соодветен начин, тие беа удар за германското тврдење дека е модел на етичко деловно однесување.

За овие нешта би можеле да кажеме дека во други држави, ситуацијата е можеби уште полоша. Но ако сакаме да поставуваме стандарди и да постигнеме висока основа на морал, сите заедно треба да работиме на тоа, корупцијата и валканите зделки да не станат практика во нашето деловно однесување. Сигурна сум дека ова не е ниту лесно, ниту брзо достижно, и дека на пазарот секогаш ќе има конкуренти кои ќе се обидуваат да Ја добијат зделката на нефер начин. Сепак, уверена сум дека таквото однесување нема долг век и нема да има иднина. Зошто? Бидејќи корупцијата во јавните набавки предизвикува загуба кај сите нас како плаќачи на данок кога јавните фондови се користат на начин кој резултира во набавки на неоптимални добра и услуги, а тоа потоа создава потреба од уште средства во фондовите за да се корегира недостатокот на претходно набавените производи.

Ајде сите да бидеме свесни за нашата одговорност за транспарентна и фер конкурентност во јавните набавки, со цел да ги обезбедиме за себе најдобрите можни производи и услуги за јавна употреба.

Н.Е. Д-р Кристине Алтхаузер
амбасадор на Сојузна Република Германија
во Република Македонија

than budgeted for which the tax payer, so ordinary German citizens, have to foot the bills.

I do not want to close this speech without touching upon one more issue: I have just said that the reputation of German companies is good and strong. But it is also something very precious which needs care and attention, has to be lived in real life every day and has to be earned over and over again. The several recent corruption scandals involving German companies –mostly when doing business outside Germany- have caused serious damage not only to the companies involved in the scandals, but also to the broader German economy as well as to Germany's overall reputation as a country which applies a zero tolerance policy towards corruption and strictly enforces anti-corruption legislation. Although the cases have been dealt with by the competent authorities in an appropriate manner they have dealt a blow to Germany's claim to be a role model in ethical business behavior.

We could go about these things by referring to other countries were the situation might be worse. But if we want to set standards and gain moral high ground, we all together have to work on ensuring that corruption and dirty deals do not become an accepted practice in business behavior. I am aware that this is neither easily nor quickly achievable and that there will be always competitors in the market which try to earn business deals in an unfair manner. However, I am convinced that such behavior is short-lived and will not have a future. Why? Because corruption in public procurement causes one party to loose: All of us as taxpayers who have to come up with the public funds which are then spent in a way which results in the procurement of sub-optimal goods and services and creates a need for more public funds to correct the insufficiencies of the originally procured items. So let us all be aware of our responsibility to ensure a transparent and fair competition in public procurement in order to provide ourselves with the best possible public goods and services.

H.E. Dr. Christine D. Althauser,
Ambassador of the Federal Republic of Germany
in the Republic of Macedonia

# СИСТЕМОТ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Првиот Закон за јавните набавки во Република Македонија е донесен во 1998 година од кога започнува традицијата на законско уредување на оваа материја. Првиот закон се применуваше до 2004 година кога се донесе нов закон изработен во соработка со Светска банка и СИГМА која претставува заедничка иницијатива на Европската комисија и ОЕЦД. Вториот закон се применуваше до крајот на 2007 година, а од 1 јануари 2008 година започна да се применува постојниот закон за јавни набавки кој се уште е во сила.

Постојниот закон беше изработен врз основа на Директивите за јавни набавки во класичниот сектор и во секторските дејности од 2004 година, како и Директивите за правна заштита во јавните набавки. На овој начин Република Македонија ги исполни своите обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ за усогласување на своето право за јавни набавки со правото на ЕУ.

Во овој период на негова примена, законот претпре повеќе измени и дополнувања, а последната беше усвоена кон крајот на 2014 година.

Република Македонија има децентрализиран систем на јавни набавки, при што секој субјект што подлежи на примена на законот ги спроведува постапките за доделување договори за јавни набавки за сопствените потреби. Сепак, законот дава можност и за одреден степен на централизирација преку спроведување групни набавки и формирање на централни тела за набавки.

Централна улога во системот има Бирото за јавни набавки кое е формирано како орган во состав на Министерството за финансии. Тука е и Советот за јавни набавки како организациска единица на Бирото, но независен од Бирото при одлучувањето. За обезбедување на правна заштита се формираше Државна комисија за жалби по јавни набавки која е надвор од извршната власт и



# THE PUBLIC PROCUREMENT SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

The Republic of Macedonia adopted the first Law on Public Procurement in 1998. This law marked the beginning of a regulated public procurement system in Macedonia. The Law of 1998 was used until 2004, when a new law was adopted, developed together with the World Bank and SIGMA, which is a joint initiative of the European Commission and OECD. The Law of 2004 was used by the end of 2007. On 1 January 2008, a new Law entered into force, the one that is currently used.

The existing Law was developed on the basis of the main EU procurement Directive, also known as the "Classical Directive," and the "Sector Directive" of 2004, as well as the Directive for legal protection in public procurements. In this way, the Republic of Macedonia fulfilled the obligation it had undertaken by signing the Stabilization and Association Agreement with the EU and harmonized its national public procurement legislation with the EU acquis.

In the course of its application, the Law underwent a series of modifications and amendments, the last of which was adopted at the end of 2014.

The Republic of Macedonia has a decentralized public procurement system. Each entity that is under the Law on Public Procurement organizes procedures for awarding public procurement contracts in line with its own needs. However, the Law does provide room for a certain degree of centralization by organizing group procurements and forming central procurement bodies.

The Public Procurement Bureau, a body that functions as part of the Ministry of Finance, plays a central role in the system. The Public Procurement Council is an organizational unit of the Bureau, but makes its decisions independently. A State Appeals Commission for Public Procurement was established so as to provide legal protection. This Commission is not part of the executive

за својата работа му одговара на Собранието на Република Македонија.

Своја улога во системот на јавните набавки имаат и Министерството за финансии, како орган надлежен за јавните финансии на Република Македонија, Државниот завод за ревизија кој врши ревизија на јавните набавки согласно со своите годишни програми за ревизија, Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и Државната комисија за спречување на корупцијата

Александар Аргировски,
в.д. Директор на Бирото за јавни набавки

# ЕУ-ДИРЕКТИВИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

„За да бидеме сигурни дека добиваме „најдобра вредност за парите", клучно е на понудувачите да им овозможиме да ги оспорат одлуките донесени од страна на јавните тела за доделување договори и да им дадеме пристап до ефективни постапки за оштета.

Токму затоа, важно е земјата да воспостави систем за јавни набавки кој најлесно би се опишал како круг со стрелки кои покажуваат во три различни правци - слично на знакот за „Мерцедес". Овие стрелки посочуваат на три групи на цели. Прво, важно е да се добие најдобрата вредност за парите на даночните обврзници. Второ, треба да се задоволат барањата за транспарентност и усогласеност со регулативи, вклучително и правилата на Европската унија. Трето, треба да се внимава на различните државни политики, особено на економските и општествените политики, како и тие за заштита на животната средина".



Јаромир Левичек
раководител на Секторот за економски прашања, Делегација на Европската унија во Република Македонија

government i.e. submits reports about its operations to the Assembly of the Republic of Macedonia.

The Ministry of Finance is also part of the public procurement system as it is the competent body in charge of Macedonia's public assets. The State Audit Office audits public procurement in line with its annual audit agenda. The Commission for Protection of Competition and the State Commission for Preventing Corruption also play an important part in the procurement system.

Aleksandar Argirovski, acting Director
of the Public Procurement Bureau

# EU-DIRECTIVES ON PUBLIC PROCUREMENTS

Offering a possibility for bidders to challenge decisions made by public authorities awarding contracts and providing clear and effective procedures for seeking redress is crucial to make sure that "best value for money" is achieved.

It is therefore important for the country to establish a public procurement system that can be easily described as a circle with arrows pointing in three different directions – like the Mercedes symbol! These arrows seek to achieve three sets of objectives. First, there is the importance of getting best value for taxpayers' money. Secondly, there is meeting the requirements for transparency and regulatory compliance, including EU rules. Thirdly, there are policy requirements, including the economic, social and environmental requirements"

Jaromir Levicek,
Head of the Economic Affairs sector,
Delegation of the EU to the
Republic of Macedonia

# ИСКУСТВАТА НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општите начела за јавните набавки се наведени во усвоената Стратегија за системот на јавни набавки за 2014-2018 година. Законот за јавни набавки неколкупати е надополнуван со амандмани.

Според законодавството, за јавни договори за кои е потребна тендерска документација истата се објавува бесплатно и во електронска форма, со што се зголеми транспарентноста на постапките за јавни набавки.

Почна да функционира ново надзорно тело, Совет за јавни набавки. Но, овој Совет честопати носи различни одлуки по исти прашања со што се создава нестабилност на системот. Законот за јавни набавки пропишува дека при доделувањето на договорите, најмногу тежина треба да му се даде на критериумот за „најниска цена". Ценовно најповолниот тендер може да се додели само со одобрение од Советот за јавни набавки. Овој систем не е согласно acquis.

Обврската договорните органи да добијат дозвола од Советот за јавни набавки пред објавувањето на огласот претставува непотребен административен товар.

Дополнувањата на договорите за изведба на работите се многу чести, поради тоа што Законот за јавни набавки не пропишува дека техничкиот дијалог е задолжителна обврска пред доделувањето на договорите. Тендерските услови се такви што не овозможуваат поголемо учество на малите и средни претпријатија.

Одлуката да се стави акцентот на најниската



# THE EXPERIENCE OF FOREIGN INVESTORS IN PUBLIC PROCUREMENT PROCEDURES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

As concerns general principles, the 2014–18 strategy for public procurement systems has been adopted. The Law on Public Procurement has been amended on a number of occasions.

Legislation on the awarding of public contracts requiring tender documents to be published in electronic form and free of charge has increased the transparency of the public procurement process.

A new oversight body, the Public Procurement Council, has become operational. However, this Council very often brings different conclusions about the same issue, thus making the system unstable. The Law on Public Procurement stipulates that, in general, the 'lowest price' criterion must be used when awarding contracts. The most economically advantageous tender can only be chosen with the approval of the Public Procurement Council. This system is not in line with the acquis.

The obligation for contracting authorities to obtain consent from the Public Procurement Council prior to publishing a contract notice creates an unnecessary administrative burden.

Supplements to works contracts are very frequent, as the Law on Public Procurement does not make technical dialogue a mandatory requirement prior to awarding contracts. Tender requirements do not facilitate wide participation on the part of small and medium-sized enterprises.

цена наместо на економски најповолната понуда, го отвора прашањето за нивото на квалитет на определената јавна набавка. Има одредени индустрии во кои најниската цена значи лош квалитет, како што е тоа случај со осигурителната индустрија.

Врз основа на резултатите од редовниот мониторинг на Граѓанскиот комуникациски центар за јавните набавки спроведувани од институции на локално ниво во периодот од октомври 2013 до март 2014 година, откако критериумот „најниска цена" се воведе како единствен критериум за доделување на јавните набавки и откатко електронската аукција стана задолжителна за сите тендери, се случија многу примери на тендери каде достигнатите цени беа толку ниски што го доведоа во прашање квалитетот на реализацијата на договорот за кој станува збор.

Понатаму, транспарентноста останува едно од клучните прашања во јавните набавки во земјата. Некои државни институции не ги објавуваат податоците за склучените договори за јавни набавки, или го прават тоа со задоцнување, додека други одбиваат да достават податоци поточно да одговорат на барањата за слободен пристап до информации.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Во Законот за јавни набавки, наместо „најниската цена", треба да се користи терминот „економски најповолна понуда".
- Советот за јавни набавки треба да биде транспарентен во својата работа, а усвоената одлука на Советот не треба да биде дополнувана со амандмани
- Редовно објавување на сите склучени договори за јавни набавки како и слободен пристап до јавни информации.
- Редовни консултации со заинтересираните страни за постапките за јавни набавки со цел да се подобрат регулативите согласно директивите на ЕУ

Јуан Педро Јименез Наваро
претседател на Советот на странски инвеститори

The solution of lowest price instead of the economically most favourable offer raises the question of the good quality of the specific public procurement. There are some industries where the lowest price means poor quality, as in the insurance industry.

Based on the results of the regular monitoring of the Civic Communications Centre on the public procurement procedures carried out by institutions at local level in the period October 2013 until March 2014, after the lowest price was introduced as the single criterion for awarding public procurements and the electronic auction became mandatory for all tenders, there have been numerous instances of tenders where reached prices were so low that they bring the quality of the realization of agreement into question.

Furthermore, transparency remains one of the key issues regarding public procurements in the country. Some state institutions fail to post the data on the concluded public procurement agreements, or do so in a belated fashion, while others refuse to submit data in response to requests for free access to public information.

**Foreign Investors Council recommends:**

- Reinstatement of the previous decision in the Law on Public Procurements; instead of the lowest price, the term 'economically most viable bid' should be used.
- The Public Procurements Council needs to be transparent in its operations and a decision already adopted by the Council should not be subject to amendments.
- Regular posting of all concluded public procurement agreements as well as free access to public information.
- Regular consultation with stakeholders in the public procurements procedures with the aim to promote the regulations in line with the EU Directive.

Mr. Juan Pedro Jimenez Navarro
President of the Foreign Investors Council

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕДНАКОВ ТРЕТМАН И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

Системот на јавните набавки во Република Македонија традиционално е отворен за сите економски оператори од земјата и странство. Не само со постојниот закон, туку и согласно со претходните законски решенија. Не е предвидена национална преференца, ниту пак забрана за учество на странските фирми во постапките за јавни набавки.

Од мај 2014 година започна со работа Советот за јавни набавки кој е составен од пет члена кои ги именува Владата на Република Македонија. Негова основна цел е да ги проверува техничките спецификации и критериумите за утврдување способност во случаите кога претходното истражување на пазарот покажало дека нема доволно конкуренти кои можат да ги исполнат. На тој начин, Советот претставува значаен контролен механизам уште пред да се објави огласот за јавна набавка што треба да осигури дека тендерската документација не содржи дискриминаторски елементи. Советот е формално организациска единица на Бирото за јавни набавки, но во делот на согласности за својата работа одговара на Владата на Република Македонија.

Со Тарифник е пропишан и трошокот за добивање согласност од Советот кој се користи за исплаќање на надоместокот за стручнте лица кои му помагаат на Советот со свои мислења при одлучувањето. Решенијата на Советот можат да бидат предмет на жалбена постапка пред Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Уште еден важен сегмент во обезбедувањето еднаков третман, недискриминација и транспарентност на системот на јавни набавки е и Електронскиот систем за јавни набавки. Тој претставува единствен национален портал за јавни набавки. Неговиот развој започна во 2005 година, а основната премиса во неговото функционирање е „се за јавните набавки на едно место". Законот ги обврзува сите договорни органи своите огласи за јавни набавки да ги објавуваат на овој портал, а преку него се спроведуваат и електронското понудување и електронските аукции.

Треба да се спомене и сеопфатната програма за едукација за јавни набавки која делува превентивно и има за цел да ги подобри капацитетите за законско спроведување на постапките за јавни набавки. Преку оваа програма за едукација се спроведува задолжителна сертификација на службениците за јавни набавки.

Александар Аргировски,
в.д. Директор на Бирото за јавни набавки

# ENSURING EQUAL TREATMENT AND NON-DISCRIMINATION OF ECONOMIC OPERATORS

The Public Procurement System of the Republic of Macedonia has traditionally been open to all economic operators, both domestic and foreign. This is not something that was introduced with the last regulation only: it has been a policy of all legal regulations adopted in this field. There has never been a national-based preferential treatment, or any kind of prohibition on participation of foreign companies in public procurement procedures.

The Public Procurement Council started operations in May 2014. This Council has five members appointed by the Government of the Republic of Macedonia. Its main purpose is to examine technical specifications and criteria for determining competence in cases when a market research conducted beforehand shows that there is not a sufficient number of competitive entities that might meet the technical specifications criteria. In this way, the Council becomes an important 'control mechanism' even before the public procurement call is published, thus ensuring that the tender documents do not contain discriminatory elements. The Council is an organizational unit within the Public Procurement Bureau. However, regarding the part on issuing consent, it is held accountable by the Government of the Republic of Macedonia.

The technical details are further specified in bylaws. A tariff book sets the fees for obtaining consent from the Council. The fees are charged so as to make payments to experts that assist the Council in making a final decision. The Council's decision may be subject to an appeal submitted to the State Appeals Commission for Public Procurement.

The Electronic system of public procurement is yet another important element that helps ensure equal treatment, non-discrimination in and transparency of the public procurement system. It is a single national portal for public procurement. Its development started back in 2005, based on the premise of being a 'single point for all public-procurement related matters.' The Law obliges all contracting authorities to post the public procurement calls on the portal and to conduct electronic bidding and auctions via the portal.

The comprehensive public procurement education program must also be mentioned, as its aim is to act preventively and boost the capacities and knowledge for conducting public procurement procedures. Public procurement officers are obliged to hold certificates that are issued only if they complete the program.

Aleksandar Argirovski
acting Director of the Public Procurement Bureau

# ЕДНАКВОСТ НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ

Во декември 2012 година се усвои новиот Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Србиа" бр. 124/12), а тој стапи на сила во април 2013 година. Со овој закон се регулира: планирањето на јавни набавки, барањата, постапките, централизацијата, начинот за прибирање податоци и поднесување извештаи, јавните набавки во областа на водостопанството, енергетиката, превозни и поштенски услуги, како и во областа на одбрана и безбедноста. Со Законот се определуваат надлежностите и начинот на работа на Бирото за јавни набавки и на Државната комисија за заштита на правата во постапките за јавни набавки. Согласно новиот Закон за јавни набавки, Бирото за јавни набавки е главната институција во системот на јавни набавки.



Од аспект на интегритет, Законот за јавни набавки воведе некои мерки за да се намали каква било злоупотреба, да се унапреди интегритетот и да се спречи корупција и конфликт на интереси. Во таа насока, се воведоа неколку нови одредби и решенија, како што се: граѓански надзор на јавните набавки чија вредност надминува 1 милијарда динари, јавна регистрација на учесниците, список со негативни препораки, но и одредби за заштита на интегритетот на постапката и мерки за спречување корупција. Покрај тоа, се воведува и поефикасен надзор и контрола врз Законот за јавни набавки, но и се подобрува надзорната улога на Бирото за јавни набавки и санкциите за договорните тела и понудувачите.

Со новиот Закон за јавни набавки се постигнува поголемо усогласување на државното законодавство за јавни набавки со соодветните директиви на ЕУ. Од оваа

# EQUAL TREATMENT OF ALL BIDDERS

The new Law on Public Procurement ("Official Gazette of RS", No 124/12) was adopted in December 2012 and entered into force in April 2013. This Law regulates: public procurement planning, requirements, procedures, centralization, manner for collecting data and delivering reports; afterwards, public procurement in the areas of water management, energy, transport and postal services as well as in the area of defense and security. It establishes competences and methods of work of the Public Procurement Office and the Republic Commission for the Protection of Rights in Public Procurement Procedures. According to the new Public Procurement Law, the Public Procurement Office is the key institution in the public procurement system.

From the point of view of integrity, the Public Procurement Law has introduced some measures aimed at reducing malpractices, promoting integrity and preventing corruption and conflict of interest. In this regard, several new provisions and solutions have been introduced, as follows: civil supervisor for public procurement with estimated value exceeding 1 billion RSD, Public Register of Bidders; List of Negative References; likewise the provisions on protection of integrity of the procedure and the common measures for prevention of corruption. In addition, these include more effective monitoring and controlling of the Public Procurement Law, implementation and strengthening control function of the Public Procurement Office and penalties for contracting authorities and bidders.

гледна точка се постигна голем напредок.

Согласно Законот за јавни набавки, предноста на домашните понудувачи и добра која им се дава за време на постапки за јавни набавки на кои учествуваат земјите-потписнички на Централно европскиот договор за слободна трговија од 2006 година (ЦЕФТА 2006) ќе биде усогласена со одредбите содржани во ЦЕФТА-Договорот (член 86).

Законот за јавни набавки воведе нови одредби чија цел е да се зголеми транспарентноста во јавните набавки, а со тоа да се спречи корупција. Две такви алатки се плановите за јавни набавки и порталот за набавки.

Што се однесува до начелото за еднаквост на понудувачите, Законот предвидува договорните тела да гарантираат еднаквост на сите учесници и во сите фази на постапката за јавни набавки. Договорните тела не смеат да наметнат услови кои на каков било начин водат до дискриминација на државна, територијална, предметна или лична основа меѓу понудувачите.

Почетните резултати од практичната употреба на новиот Закон за јавни набавки се охрабрувачки, особено во однос на употребата на конкурентни постапки.

Покрај тоа што новиот Закон за јавни набавки претставува исчекор во усогласувањето на државното законодавство и стандардите на ЕУ, постои потреба за понатамошно усогласување со директивите во овие области (поточно, Директивата 2014/24/ЕУ и Директивата 2014/25/ЕУ). Треба да се работи на унапредувањето на одржливите набавки, општествените аспекти и иновациите, како и на концептот за вкупните трошоци и олеснетиот пристап до пазари за малите и средни претпријатија.

Во областа на јавните набавки, Трговско-индустриската комора на Србија соработуваше со Министерството за финансии и со Бирото за јавни набавки повеќе од 12 години (од воведувањето на првиот Закон за јавни набавки), но и со многу други важни домашни и странски организации и институции.

Д-р Славица Јоковиќ
Стопанска комора на Србија

The new Law on Public Procurement further harmonized national public procurement regulatory framework with the relevant EU Directives and significant progress has been made from this point of view.

According to the Public Procurement Law, advantage for domestic bidders and goods, granted in public procurement procedures in which take part bidders from signatory states of the Central Europe Free Trade Agreement (CEFTA 2006) shall be applied in accordance with the provisions of that agreement.(Art. 86)

The Public Procurement Law introduced certain new provisions aimed at increasing transparency in public procurement and thus preventing corruption, namely procurement plans and Procurement Portal.

Concerning the principle of equality of bidders, this Law stipulates that contracting authorities shall ensure equality of all bidders in all phases of public procurement procedure and may not impose conditions that would constitute national, territorial, subject-matter or personal discrimination among bidders.

The initial effects in practice of the new Public Procurement Law are encouraging, especially concerning the use of competitive procedures.

Although the new Law on public procurement was a step forward in harmonization between national legislation and EU standards, there is need for further harmonization with the new Directives in this areas (namely, Directive 2014/24/EU and Directive 2014/25/EU). Further progress should be made in order to promote green procurement, social aspects and innovation, as well as the concept of life-cycle costs and to facilitate access of SMEs to markets.

In the area of public procurement, Chamber of Commerce and Industry of Serbia has cooperated with the Ministry of Finance and the Public Procurement Office for over 12 years (from the implementation of the first Law on Public Procurement), as well as with many relevant domestic and foreign organizations and institutions.

Slavica Joković, Ph.D.
Chamber of Commerce and Industry of Serbia

# ЕФЕКТИВНА ПРАВНА ЗАШТИТА ВО ПРОЦЕСОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Република Црна Гора го воспостави системот за јавни набавки во 2001 година, кога стапи на сила и првиот Закон за јавни набавки. Овој закон е конципиран согласно Модел-законот на УНЦИТРАЛ. Потоа започнавме да го усогласуваме нашето законодавство од оваа област со правилата на Европската унија.

Важно е да нагласиме дека во законодавството за јавни набавки на Црна Гора никогаш не се користел преференцијален третман за домашни понудувачи. Во последните неколку години имавме три закони за јавни набавки: во 2001 година, во 2006 и во 2011 година. По барање на Комората, Законот за јавни набавки беше изменет минатата година со цел да се воведе поедноставен и пофлексибилен процес, но и да се обезбеди правна заштита за фирмите.

Во јуни 2012 година започнаа преговорите за членство во Европската унија. Претставник на Стопанската комора на Црна Гора членува во Работната група за петтото поглавје, кое се однесува на јавните набавки.

Законодавството на Црна Гора со кое се уредува оваа област е усогласено со Директивата 2004/18/ЕК за општиот сектор за јавни набавки и директивите 89/665/ЕК и 92/12/ЕК во делот за заштита на правата. Во тек е усогласувањето на Законот за јавни набавки на Црна Гора со Директивата 2009/81/ЕК за набавки од областа на одбраната и безбедноста. Следниот чекор е надзорот на извршувањето на договорите. За Комората од особен интерес е ефективната правна заштита на понудувачите, која е дел од процесот за јавни набавки.

Управата за јавни набавки е обврзана да објавува годишни планови, повици и барања, како и одлуки за изборот на најповолната понуда на веб-порталот за јавни набавки, а воедно и да ги објавува договорите за јавни набавки.



# EFFECTIVE LEGAL PROTECTION IN PUBLIC PROCUREMENT

The public procurement system of Montenegro was established in 2001, when the first Law on public procurement came into force. This law is drafted in accordance with the UNCITRAL Model Law. After that, we started to harmonize our legislation in this area with EU rules.

It is important to stress that preferential treatment of domestic bidders has never been used in the Montenegrin legislation on public procurement. In past few years, we had three laws on Public Procurement in 2001, 2006, 2011.

Last year, at the request of the Chamber the Law on Public Procurement was amended to achieve more simplicity, flexibility and legal protection for companies. In June 2012, negotiations for EU membership were opened. Representative of Chamber of Economy of Montenegro is a member of working group for Chapter 5 – Public Procurement.

Montenegrin legislation in this area has been harmonized with the Directive 2004/18/EC for the classical public procurement sector and Directives 89/665/EC and 92/13/EC in the area of protection of rights.

Harmonization of Montenegrin Law on public procurement with the Directive 2009/81/EC on defense and sensitive security procurement is in progress. The next step is contract performance monitoring. An effective legal protection of bidders is part of the process of public procurement which is especially interesting for the Chamber.

Public Procurement Directorate has obligation of publishing annual plans, calls and requests, decisions on the selection of most advantageous tender on the

Комисијата за контрола на постапките за јавни набавки ги објавува одлуките што ги донесува на својата веб-страна. Соопштенијата за учество во јавни набавки се објавуваат во медиумите, во спротивно постапката се прогласува за неважечка.

Согласно Законот, ако некој тендер се спроведува без претходно да бил објавен во медиумите и на веб-порталот за јавни набавки, тогаш таквиот тендер ќе се прогласи за неважечки.

Со Законот се пропишуваат и стандарди за заштита од корупција.

Сите договори и анекси кои се дел од постапките за јавни набавки мора да се објават на веб-порталот за јавни набавки во рок од три дена од денот кога се склучени. Постапката за јавни набавки која се спроведува и покрај тоа што постои конфликт на интереси или е спротивна од правилата за заштита од корупција ќе се прогласи за неважечка.

Условите за учество на тендер не смеат да содржат дискриминаторски елементи. Од 2001 година наваму, домашните понудувачи не добиваат преференцијален третман.Процесот на жалби гарантира еднаков третман. Доколку се делува спротивно од ова, таквата постапка се смета за повреда на постапката.

УЛОГАТА НА КОМОРАТА:

- организација на семинари и тркалезни маси на кои понудувачите можат да ги споделат своите потреби и да дадат предлози за подобрување на системот за јавни набавки;
- најмалку еднаш годишно во Комората се организира конференција посветена на јавните набавки;
- учество во работата на Координативното тело за спроведување на Стратегијата и Акцискиот план за подобрување на јавните набавки;
- учество во Работната група која учествува во преговорите со ЕУ за петтото поглавје.

Исто така, Комората е активен член во Работната група за подготовка на законски и подзаконски акти од оваа област.

Нина Дракиќ
Стопанска комора на Црна Гора

public procurement web – portal, as well as all public procurement contracts. Commission for the Control of Public Procurement Procedures publishes its decision on its website. Public calls for participation in the procurement procedure are published in the media, otherwise the procedure shall be declared null and void.

According to the Law, any tender conducted without publishing in the media and on the public procurement web – portal shell be declared null and void.

Anti-corruption standards are prescribed by the law.

Contracts and Annexes which are concluded in public procurement procedures must be published on the public procurement web – portal within 3 days from the day of contract conclusion.

The public procurement procedure conducted with existence of conflict of interest or violence anticorruption rules shall be declared null and void. Terms for participation on tender must not be discriminatory. Domestic bidders don't get preferential treatment since 2001. The appeals process guarantees equal treatment, any contrary action in any phase is substantial violation of the procedure.

THE ROLE OF CHAMBER

Organization of seminars and round tables on which bidders can present their needs and proposals for improving of public procurement system

Organization of conference dedicated to public procurement in the Chamber at least one time during the year

Participation in the work of the Coordinating Body for the implementation of the Strategy and action plan for the improvement of public procurement

Participation in the Working Group for the EU negotiations for Chapter 5

Chamber is also active member of working group for drafting laws and by-laws in this area.

Nina Drakić
Chamber of Economy of Montenegro

# ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Република Албанија е потписничка на ЦЕФТА-Договорот од 19 декември 2006 година, кој стапи на сила на 27 јули 2007 година.

Речиси 9,5% од вкупниот трговски обем на Албанија е со земјите-потписнички на ЦЕФТА-Договорот. Токму затоа, Албанија вложува постојани напори да ги подобри законите и управните тела, особено тие што се од областа на јавните набавки.

Јавните набавки во Албанија се регулирани со Законот бр. 9643 од 20 ноември 2006 година. Овој закон беше изменет неколкупати, со цел да се подобрат законските решенија и да се овозможи пристап не само на албанскиот пазар, туку и на пазарите на земјите-потписнички на ЦЕФТА. Подобрувањата, односно измените, се извршени со следниве закони:

- Закон бр. 9800 од 10 септември 2007 година;
- Закон бр. 9855 од 26 декември 2007 година;
- Закон бр. 10170 од 22 октомври 2009 година;
- Закон бр. 10309 од 22 јули 2010 година и
- Закон бр. 131 од 2012 година.

Во Албанија за јавните набавки се задолжени следниве органи:

- договорни тела, чија главна должност е да управуваат со фондовите за набавки;
- Агенцијата за јавни набавки - централно тело за одвивање на постапките и надзор на системот;
- Застапништво за јавни набавки - важно тело кое врши надзор и ги штити правата и интересите на понудувачите;
- Комисијата за јавни набавки - највисок орган во постапките за јавни набавки кој врши ревизија и преглед на жалби поднесени од страна на економските оператори.

Република Албанија ревносно работи на целокупното подобрување на системот, а истовремено и никогаш не го ограничува учеството на земјите-потписнички на ЦЕФТА-Договорот во електронските набавки. Сепак, за некои области, како што се недвижнините или медицинската опрема, понекогаш има дополнителни барања.

Прамвера Доми

Трговско индустриска комора на Тирана



# CONSTANT IMPROVEMENT OF LEGAL REGULATIONS

The Republic of Albania is a signatory of CEFTA from 19 December 2006. CEFTA entered into force on 27 July 2007.

CEFTA countries account for almost 9.5 % of the trade volume of the Republic of Albania. For this very reason Albania never stopped making improvements to the laws and administration bodies, especially those involved in public procurement.

Public procurement in Albania is governed by Law No.9643 of 20 November 2006, which was amended several times so as to introduce improvements and make the area more accessible not only for the Albanian market, but also for the CEFTA market as a whole. The improvements and amendments were incorporated with the following laws:

- Law No. 9800 of 10 September 2007
- Law No. 9855 of 26 December 2007
- Law No. 10170 of 22 October 2009
- Law No. 10309 of 22 July 2010
- Law No. 131 of 2012

Public procurement in Albania is carried out by the following bodies:

- Contracting authorities – main duty to manage the procurement funds;
- The public procurement agency – central body to train and monitor the system;
- The public procurement advocate – important body which monitors and safeguards the legal rights and interest of candidates;
- The public procurement commission – as being the highest authority in procurement field they review and examine the complaints of economic operators.

The Republic of Albania has done a lot to improve the system firstly by not restricting the participation of the CEFTA countries in e-procurements, even if in some fields there can be additional requirements (for instance in real estate or medical equipment).

Pramvera Domi

Chamber of Commerce and Industry of Tirana

# ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ВО ЖАЛБЕНАТА ПОСТАПКА

Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за: решавање по жалби во постапките за доделување договори за јавни набавки; решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство; решавање по жалби на решение донесено од Советот согласно со Законот за јавните набавки и други работи согласно со закон.

Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките, како и за други работи согласно со закон. Државната комисија одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката.

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка. Правна заштита може да бара и правобранителот на Република Македонија, како и лицето кое не учествувало со своја пријава за учество или понуда доколку таквото неучество е директен резултат на кршење на одредбите од Законот за јавните набавки од страна на договорниот орган.

Во постапката за правна заштита Државната



# PROTECTING THE RIGHTS OF ECONOMIC OPERATORS IN AN APPEALS PROCEDURES

The State Appeals Commission for Public Procurement is competent for deciding upon: complaints lodged in the procedures for awarding public procurement contracts, complaints lodged in procedures for awarding concessions and public private partnership, complaints against a decision adopted by the Council pursuant to the Law on Public Procurement, and upon other matters stipulated by Law.

The State Appeals Commission for Public Procurement decides upon the lawfulness of actions and the failure to take action, as well as on decisions as separate legal acts adopted in the course of public procurement procedures. The State Appeals Commission adopts decisions on other matters raised by the parties in the procedure that are connected to legal protection.

An economic operator that has legal interest in the procedure for obtaining a public contract, which has suffered or could suffer damage by an alleged infringement of the provisions of the Law on Public Procurement, may initiate an appeals procedure against the contracting authority's decisions, actions and failures to undertake actions in the public procurement contract-awarding procedure. The Attorney General may also seek legal protection, as well as an entity that did not participate with a participation application or a bid should the failure to participate is the direct consequence of the contracting authority's violation of the provisions of the Law on Public Procurement.

The State Appeals Commission shall act within the limits of the appeal allegations. In its official duty, the Commission may act upon the major infringements listed in Article 210 of the Law on Public Procurement.

комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност и во поглед на битните повреди пропишани со член 210 од Законот за јавните набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до Државната комисија за жалби по јавни набавки и до договорниот орган. Правната заштита е достапна во сите фази на постапката, од објавата на огласот до доделувањето на договорот за јавна набавка.

Во постапката за правна заштита, Државната комисија може: да го поништи решението или да го укине решението на Советот и предметот да го врати на повторно одлучување; да ја прекине постапката заради повлекување на жалба; да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуредност, ненавременост, поради тоа што е изјавена од неовластени лица и поради неизвршена уплата на надомест за водење на постапката; да ја одбие жалбата поради неоснованост; да ја укине одлуката или да ги поништи дејствијата во делот во кој се незаконски; да му наложи на договорниот орган да ги преземе дејствијата од член 162, став 2 од Законот за јавните набавки кој пропуштил да ги преземе (завршување на постапката во рок не подолг од рокот за поднесување на понудите); да ја поништи одлуката во случај кога во постапката за доделување договор за јавна набавка е причинета таква неправилност која е причина за поништување според одредбите од Законот за јавните набавки и законите со кои се уредува управната постапка, и кога не е постапено според член 222, став 4 од Законот за јавните набавки; да одлучува за барања за надомест на трошоци во постапката; да одлучува по предлог за продолжување на постапката за јавна набавка.

Договорниот орган е должен да постапи по решението на Државната комисија, во спротивно ќе се смета дека не е спроведена постапка за доделување договор за јавна набавка согласно со овој закон.

Решението на Државната комисија е конечно.

Ирена Шумкоски
советник во Државната комисија
за жалби по јавни набавки

Appeals are submitted personally or via registered mail and should be sent to both the State Appeals Commission and the contracting authority. Legal protection is available in all stages of the procedure, from the day a procurement call is published until the final day i.e. the awarding of the public procurement contract.

In a legal protection procedure, the State Appeals Commission may do the following:

- Revoke the decision or suspend the decision of the Council and demand a new procedure for the case;
- Stop the procedure due to withdrawal of the appeal;
- Reject the appeal because the Appeals Commission is not competent, the appeal is not allowed, complete, timely or is lodged by an unauthorized person, or if the procedure fee is not paid;
- Reject the appeal because it is unfounded;- revoke the decision, procedures or the actions found to be illegal;
- Order the contracting authority to undertake actions stipulated in Article 162 paragraph 2 of the Law on Public Procurement if the contracting authority has failed to do so (to complete the procedure in the set deadline);
- Annul the decision in case when the irregularity made in the contract award procedure is considered a reason for annulment according to the provisions of the Law on Public Procurement and laws that regulate the administrative procedure, and when Article 222 paragraph 4 of the Law on Public Procurement has not been observed.
- Decide upon demands to charge procedure fees and costs;
- Decide upon a proposal to extend a public procurement procedure.

The contracting authority is obliged to act in accordance with the decision of the State Appeals Commission; if otherwise, it will be concluded that according to the law a procedure for awarding a public procurement contract was never conducted.

The decision of the State Appeals Commission is final.

Irena Shumkoski
advisor in the State Commission
for Public Procurements Appeals

# КОН ЕФИКАСНИ МЕХАНИЗМИ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ

Во анализата на законодавната и институционална рамка на системот за јавни набавки во Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора, впечатливо се издвојуваат два аспекта . Првиот, се однесува на евроинтеграциските процеси, кои бараат усогласување на националното законодавство и на институционалните ангажмани во сферата на јавните набавки со стандардите кои важат и за земјите-членки на ЕУ. Вториот значаен аспект е нагласената антикорупциска димензија во обликувањето на законодавството и институционалната рамка.

Компаративната студија на случаи на ист вид на јавни набавки во четирите земји е спроведена од пет невладини организации во рамките на Проектот финансиран од ЕУ: „Кон ефикасни механизми на јавните набавки во државите (потенцијални) кандидати за членство во ЕУ". Истражувањето беше спроведено врз примерок од 14 видови јавни набавки на различни видови стоки и услуги спроведени во периодот 2012-2014 година и покажа дека постојат низа проблеми на чие надминување мора да се работи во иднина. Анализата на студијата за случаите е поделена според фазите во постапките на јавните набавки: планирање; подготовка и започнување на постапката; спроведување на постапката; жалбена постапка; фазата од склучување на договорот до извршување на договорените обврски.

Тоа што ги одликува поголемиот дел на анализираните примери на тендерска документација се високо поставените критериуми за оценување на способноста на понудувачот што на крајот многу неповолно влијаело врз конкуренцијата. Кај сите четири набљудувани земји, како најголем проблем во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка е утврден нискиот степен на конкуренција: кај повеќето анализирани набавки биле доставени понуди од страна на еден до двајца понудувачи. Анализираните случаи на јавни набавки укажуваат на бројни проблеми кај механизмите за заштита на правата на понудувачите, некои од причините секако би можеле да бидат и недостаток на доверба на понудувачите во жалбениот механизам, непознавање на правата и секако висина на таксите кои се



# TOWARDS EFFICIENT MECHANISMS FOR PUBLIC PROCUREMENTS IN THE REGION

In the analyses of legislative and institutional frameworks of public procurement systems in Macedonia, Serbia, Bosnia and Herzegovina and Montenegro, two topics assume the greatest prominence . The first concerns the process of European integration which demands all four states to harmonize their national legislation and institutional arrangements with standards prevailing in the EU member states. The second topic is the pronounced anti-corruption dimension in shaping the legislative and institutional framework.

The comparative analysis of similar cases of public procurements in four countries is the result of research conducted within the EU funded project: „Towards Efficient Public Procurements in the EU (potential) candidate countries". The research was done on a sample of 14 types of public procurements of various supplies and services, conducted in the period from 2012 to 2014 and has shown a series of problems that need to be tackled in the near future.

The analysis of case studies is divided into phases in the public procurement process: planning, preparation and initiation of the procedure, conducting the procedure, the review procedure, the award of the contract and the contract performance.

What characterizes most of the analysed samples of tender documentation is that criteria for evaluating qualification of bidders are set high and that this impacted very adversely on the intensity of competition which, in the bulk of the analysed procedures, tended to boil down to one bidder. In all of the four observed countries, the biggest problem identified in the conduct of public procurement procedures was very low level of competition: one or two bidders responded in the bulk of the analysed public procurements. The analysed cases of public procurement suggest that there are numerous problems in mechanisms of protection of bidders, some of the reasons certainly have to do with the lack of trust of bidders in the review mechanism, their insufficient legal knowledge and high charges for lodging an appeal.

наплаќаат за поднесување жалби.

Кога ќе се сумираат досегашниот развој на законодавната и институционална рамка за спроведување на јавните набавки, резултатите од спроведениот мониторинг на постапките за јавни набавки како и консултациите со сите засегната страни, можат да се дефинираат следните препораки: (1) Неопходно е напуштање на праксата на чести измени на законите за јавни набавки и воведување на правило за консултирање на сите засегнати страни при законските измени со цел да се избегнат непотполни и неприменливи решенија и да се обезбеди подобра примена на прописите. (2) Потребно е да се оствари највисоко ниво на транспарентност во јавните набавки. Гаранцијата за транспарентност мора да најде свое место во законските прописи и тоа не само како еден од основните принципи, туку во вид на конкретни одредби за обезбедување на јавност на информациите. (3) Треба да се бара воспоставување систем кој ќе обезбеди целисходност на јавните набавки, од почетните фази на планирање, преку составување на плановите за јавни набавки, спроведување на постапка до реализација на договорот. Ова подразбира воспоставување на систем на надзор и контрола кој ќе се состои од добро поврзани и координирани институции со јасни линии на одговорност. (4) Со цел зголемување на конкуренцијата во јавните набавки неопходно е да се обезбеди „механизам на одбрана" на понудувачите од постапките на понудувачите кои имаат дискриминаторски карактер. На понудувачите треба да им се даде можност во најраните фази на постапките за јавни набавки да им се спротивставaт на ваквите постапки. (5) Потребно е редовно известување на договорните органи за реализацијата на договорите. На овој начин би се воспоставил еден вид на контрола која меѓу другото ќе влијае и на намалување на анексите, кои во некои земји станаа тренд. (6) Неопходно е да се обезбеди ефикасна работа на сите институции кои го сочинуваат системот на јавни набавки со цел да се намали просторот за корупција и за трошењето на јавни пари на незаконски, неодговорен и нецелисходен начин. Покрај на агенциите/управите за јавни набавки и институциите за заштита на правата, потребно е јакнење на капацитетите на инспекциските органи, но да се работи и на воспоставување на ефикасна интерна ревизија. (7) Одржување и натамошно унапредување на соработката на институциите кои го сочинуваат системот на јавни набавки, бизнис-секторот и организациите од граѓанското општество на регионално ниво е од витално значење за унапредување на системот на јавни набавки во секоја од четирите земји.

Сабина Факиќ
Центар за граѓански комуникации

Summing up previous development of the legal and institutional framework for the conduct of public procurement, the results of the conducted monitoring of procedures for public procurement of individual supplies/services/works the following recommendations can be made: (1) It is necessary to abandon the practice of frequent amendments to the Public Procurement Law and introduce the practice of stakeholder participation prior to amending the Law in order to avoid incomplete or inapplicable solutions and ensure better implementation of regulations. (2) It is necessary to achieve the greatest possible level of transparency in the field of public procurement. The guarantee of transparency must find its place in legal texts not only in the form of tenets, but also in the form of concrete provisions on the manner of ensuring publicity of information. (3) The aspiration should be to establish systems which ensure purposefulness of public procurements – from the incipient stage of planning the budget to making public procurement plans, conducting the procedure to the contract performance. This implies the establishment of a system of monitoring and control consisting of a set of well-linked and coordinated institutions with clear lines of responsibility. (4) In order to increase competition in public procurements it is necessary to grant bidders "the defence mechanism" to fend off actions by the contracting authorities which are of discriminatory nature. The bidders should be given the possibility at the earliest stage of public procurement procedures to defy such actions of procurers. (5) Introducing a regular reporting by the contracting authorities on the performance of awarded contracts. This would establish control which could significantly help reduce the number of subsequently made modifications of the contract which have become an established trend in some of the observed countries and a very efficient way to bypass the law. (6) It is necessary to ensure efficient work of all institutions making up a public procurement system in order to reduce as much as possible the room for corruption and for disbursal of public funds in an unlawful, irresponsible and purposeless way. In addition to agencies/offices and institutions for the protection of rights, it is necessary to boost capacities of inspection bodies as well as work on establishing a reliable internal audit. (7) The maintenance and further advancement of cooperation of institutions making up the public procurement system, business sector and civil society organizations at the regional level is of vital importance for the improvement of the public procurement system in all countries where monitoring was conducted.

Ms. Sabina Fakic
Centre for Civil Communications

# АГЕНДА

## Регионална конференција:

# „ПРОГРЕСИВНО И ЕФИКАСНО ОТВОРАЊЕ НА ПАЗАРОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ЗЕМЈИТЕ-ПОТПИСНИЧКИ НА ЦЕФТА-ДОГОВОРОТ“

*17 февруари 2015 година, Хотел “Холидеј Ин“ - Скопје, Република Македонија*

| Време | Активност |
|---|---|
| 9:30 - 10:00 ч. | Регистрација на учесниците |
| | Модератор, Билјана Пеева Ѓуриќ, директор на Дирекцијата на здруженија според дејности при Стопанската комора на Македонија |
| 10:00 - 11:00 ч. | Вовед во Конференцијата |
| | • Поздравно обраќање:<br>- господин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија<br>• Значењето на ефикасното спроведување на системот за јавни набавки во регионот:<br>- Н.Е. Д-р Кристине Алтхаузер, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија<br>• Јасни и ефикасни процедури согласно ЕУ-директивите:<br>- господин Јаромир Левичек, раководител на Секторот за економски прашања, Делегација на Европската унија во Република Македонија<br>• Системот на јавни набавки во Република Македонија:<br>- м-р Александар Аргировски, директор на Бирото за јавни набавки на РМ<br>• Системот на јавни набавки во СР Германија:<br>- господин Едвард Шварц, долгогодишен експерт при Партнерскиот проект меѓу ДИХК и стопанските комори од ЦЕФТА-земјите |
| 11:00 - 11:15 ч. | Кафе-пауза<br>Изјави за медиумите |
| 11:15 - 12:15 ч. | Ефективност на постојните системи на јавни набавки на ЦЕФТА-земјите: |
| | • Искуствата на странските инвеститори во постапките за јавните набавки во Република Македо нија:<br>- господин Јуан Педро Јименез Наваро, претседател на Советот на странски инвеститори<br>• Законските решенија и праксата за еднаквиот третман и недискриминација на субјектите кои учествуваат во постапките за јавни набавки:<br>- м-р Александар Аргировски, директор на Бирото за јавни набавки на РМ<br>• Праксата од спроведување на процесот на јавните набавки во Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Албанија, Молдавија и Косово:<br>- претставници од стопанските комори од ЦЕФТА-земјите |
| 12:15 - 13:00 ч. | Законска и институционална рамка за јавните набавки |
| | • Заштита на правата на економските оператори во жалбената постапка:<br>- госпоѓа Ирена Шумкоски, советник во Државната комисија за жалби по јавни набавки<br>• Кон ефикасни механизми на јавни набавки во земјите од регионот:<br>- госпоѓа Сабина Факиќ, Центар за граѓански комуникации |
| 15:30 - 16:00 ч. | Дискусија – Заклучоци |
| 13:30 - 14:00 ч. | Коктел |

# AGENDA

## Regional conference

# "PROGRESSIVE AND EFFECTIVE OPENING OF THE CEFTA PUBLIC PROCUREMENT MARKET"

*17 February 2015, "Holiday Inn" Hotel, Skopje, Republic of Macedonia*

| Time | Activity |
|---|---|
| 9:30 - 10:00 | Registration of participants |
| | Moderator - Biljana Peeva Gjuric, Director of the Directorate of Branch Associations within the Economic Chamber of Macedonia |
| 10:00 - 11:00 | Welcome address and introduction |
| | • Opening address,<br>Mr. Branko Azeski, President of the Economic Chamber of Macedonia<br>• The importance of efficient implementation of the public procurement system in the region<br>H.E. Dr. Christine Althauser, Ambassador of the Federal Republic of Germany to the Republic of Macedonia<br>• Clear and efficient procedures in line with EU Directives<br>Mr. Jaromir Levicek, Head of the Economic Affairs sector, Delegation of the EU to the Republic of Macedonia<br>• The public procurement system in the Republic of Macedonia<br>Aleksandar Argirovski, M.Econ., Head of the Public Procurement Bureau of the Republic of Macedonia<br>• The public procurement system in the Federal Republic of Germany<br>Mr. Edward Schwartz, long-term expert in the CEFTA-DIHK Joint Partnership Project |
| 11:00 - 11:15 | Coffee break<br>Press conference |
| 11:15 - 12:15 | Effectiveness of existing public procurement systems in CEFTA parties |
| | • Foreign investors' experience with public procurement procedures in the Republic of Macedonia<br>Mr. Juan Pedro Jimenez Navarro, President of the Foreign Investors Council<br>• Regulations and equal treatment in public procurement procedures<br>Aleksandar Argirovski, M.Econ., Head of the Public Procurement Bureau of the Republic of Macedonia<br>• Sharing practical experience from the public procurement implementation process in Bosnia and Herzegovina, Serbia, Montenegro, Albania, Moldova and Kosovo<br>Representatives of CEFTA chambers of commerce |
| 12:15 - 13:00 | Public procurement: Legal and institutional framework |
| | • Protecting the rights of economic operators in a public procurement appeals procedure<br>Ms. Irena Shumkoski, advisor in the State Appeals Commission for Public Procurement<br>• Towards efficent mechanisms for public procurement in countries from the Region<br>Ms. Sabina Fakic, Center for Civil Communication |
| 13:00 - 13:30 | Discussion & Conclusions |
| 13:30 - 14:00 | Cocktail |